# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 13 Год. XVII 13 ноември 2014 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: 19-та седница

### Совет на општина Василево

1. Статутарна одлука за измена на Статутот на општина Василево.......................................2
2. Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Василево за 2014г...................4
3. Одлука за основање Совет на млади на општина Василево................................................5
4. Заклучок за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Прва радост“ – Василево...........................................................................5
5. Заклучок за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во јавната општинска установа за деца – Детска градинка„Прва радост“ – Василево.............................................................................................6
6. Програма за одржување на локални патишта и улици во општина Василево за 2014/2015 год. во зимски услови....................................................................................................6
7. Одлука за пренесување на правото на користење и управување со фекален канализационен систем во с. Пиперево – колектор К0 и колектор К3 и фекален канализационен систем во с. Ангелци – колектор К3 на ЈПКД „Турија“, Василево...........9

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **СТАТУТАРНА ОДЛУКА за измена на Статутот на Општина Василево**,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **11.11.2014 година**

| | |
|---|---|
| Бр.08–2178/2 | Општина Василево |
| 11.11.2014г. | Градоначалник |
| Василево | Ванчо Стојанов с.р. |

-------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 21 став 1 точка 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“бр.04/03,08/06 и 09/10 ) а во врска со Националната стратегија за млади на Република Македонија, Советот на општина Василево па својата редовна седница одржана на 11.11.2014 година ја донесе следната

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**За измена на Статутот на Општина Василево**

**Член 1**

Во Статутот на локалната самоуправа Василево,
Глава III – **ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

По член 34 се додаваат нови членови кои гласат:

**Член 34-а**

**СОВЕТ НА МЛАДИ**

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на Општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Советот на млади на Општина Василево, само ако се со место на живеење во општина Василево.

**Член 53-б**

Одлука за основање на Совет на млади ја донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи.

**Член 53-в**

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната работа;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината а се од интерес за работата на младите;
- предлага на Советот на општината Одлуки, Програми и други акти од значење за младите од општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
- соработува во изработката и го следи споредувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
- по потреба повикува преставник на Советот на општината на своите седници;
- врши и други работи од интерес за младите.

**Член 53-г**

Советот на млади има пет членови.

Советот на Општината покренува постапка за избор на членови во Советот за млади со јавен повик.

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: Невладини организиации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината го избира и го разрешува Советот на млади .

Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик, согласно Деловникот за работа на Советот на младите.

**Член 53-д**

Членовите на Советот на млади се избираат на четири години.

Советот на општината може да разреши член на Советот на млади и пред истекот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува од седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на безусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 53-ѓ**

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во два месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на советот е должен да свика вонредна седница на советот на млади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади.

Советот на млади ги донесува одлуките од мнозинството гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на советот на младите.

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловникот за работа на Советот на млади.

Советот на млади може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 53-е**

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите.
- Соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство.
- Консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите.
- Соработка со телата во општината во политиката кон младите

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот за млади и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на младите најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

**Член 2**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Василево".

Бр.07-2178/1 Совет на општина Василево
11.11.2014г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за основање на Совет на млади на општина Василево,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **11.11.2014 година**

Бр.08–2180/2 Општина Василево
11.11.2014г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02),член 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 11.11.2014 година ја донесе следната

## П Р Е Д Л О Г-О Д Л У К А
## ЗА ОСНОВАЊЕ СОВЕТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Член 1

Со оваа Одлука се уредува основањето на Советот на млади на Општина Василево (во натамошниот текст Совет на млади), делокруг на работа, постапка за избор на членовите на советот и други прашања од значење за работата на Советот на млади.

Член 2

Советот на млади е советодавно тело на Советот на Општина Василево кој се основа со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Василево.

Член 3

Советот на млади го сочинуваат пет члена.

Членовите на Советот на млади се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања.

Советот на млади од своите редови избира претседател на советот, со мандат од 4 години без можност за повторен избор.

Претседателот го застапува и претставува Советот на млади.

Претседателот на Советот на млади ги свикува и раководи со седниците на Советот на млади во општината, се грижи за организацијата и работата на Советот на млади.

Член 4

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- разгледува прашања кои се важни за работата на Советот на млади;
- донесува Деловник за работа на Советот на млади;
- го избира и разрешува претседателот на Советот на млади;
- учествува во работата на Младинскиот парламент и именува свој член во истиот;
- поднесува предлози до Советот на Општина Василево за идентификувани проблеми на младите на локално ниво и начини за нивно можно решавање;
- поднесува предлози до Советот на Општина Василево за донесување одлуки, програми и други акти за подобрување на состојбата на младите на локално ниво;
- дава мислење по одлуки, програми и други акти кои се од надлежност на Советот на Општина Василево, а кои ги засегаат младите на локално ниво;
- изработува извештаи до надлежните органи за програмите на младите, а по потреба предлага и донесува Програма за решавање на проблемите, со цел подобрување на состојбата на млади на локално ниво;
- предлага мерки за остварување и спроведување на одлуки и програми за грижа на млади;
- организира работилници, предавања трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- поттикнува соработка со младински организации од други градови на Република Македонија и
- врши други работи.

Член 5

Советот на млади одржува редовни седници најмалку еднаш месечно.

Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на советот.

Претседателот на Советот на млади е должен да свика вонредна седница на предлог на најмалку двајца членови.

Седниците се јавни.

Член 6

Советот на млади одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Член 7

Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловник за работа на Советот на млади.

Деловникот се усвојува со мнозинство гласови на членовите на советот.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Василево”.

Бр.07-2180/1 Совет на општина Василево
11.11.2014г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на општина Василево за 2014 година,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **11.11.2014 година**

Бр.08–2179/2 Општина Василево
11.11.2014г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------

Советот на општина Василево врз основа на член 36, став 1, точка 2 и член 50 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр.5/2002), член 27 од Законот за сметководство за буџетите и буџтските корисници („Службен весник на Р.М“ бр. 61/02, 98/02, 81/05) како и според членот 21 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на општина Василево“ бр. 04/03, 08/06 и 09/10) на својата редовна седница одржана на 11.11.2014 година ја донесе следната ,

**О Д Л У К А**
за измени и дополнувања на Буџетот на општина Василево за 2014 година

**член 1**

Се усвојува изменување и дополнување на Буџетот на општина Василево за 2014 година.

| | **Буџет** | **Ребаланс** |
|---|---|---|
| **вкупно приходи** | 207.020.685 | 198.412.602 |
| **вкупно расходи** | 207.020.685 | 198.412.602 |

**член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службениот гласник на општина Василево“.

Бр.07-2179/1 Совет на општина Василево
11.11.2014г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Прва Радост“ -Василево,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **11.11.2014 година**

Бр.08–2181/2 Општина Василево
11.11.2014г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 5/02), и член 21 точка 29 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр. 04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност на Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Прва Радост“ -Василево**

1. Советот на општина Василево дава согласност na Статутот на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Прва Радост“ -Василево бр.01-23/1 од 05.11.2014 година .

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-2181/1 Совет на општина Василево
11.11.2014г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Заклучокот за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Прва Радост“-Василево,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **11.11.2014 година**

Бр.08–2182/2 Општина Василево
11.11.2014г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 5/02), и член 21 точка 29 од Статутот на ОпШтина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр. 04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
**за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Прва Радост“ -Василево**

2. Советот на општина Василево дава согласност на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Прва Радост“ - Василево бр.01-24/1 од 05.11.2014 година .

2. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се
објави во „Службени гласник на Општина Василево“.

Бр.07-2182/1 Совет на општина Василево
11.11.2014г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Програмата за **одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2014/2015 година во зимски услови**,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **11.11.2014 година**

Бр.08–2183/2 Општина Василево
11.11.2014г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02), и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр. 04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата седница одржана на **11.11.2014** година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на локалните патишта и улици во општина Василево за 2014/2015 година во зимски услови**

**1. ОПШТ ДЕЛ**

Со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот и одржувањето на локалните патишта и улиците во населените места во општина Василево во зимски услови за 2013/2014 година.

Во оваа програма нема да биде опфатен магистралниот пат А-4 кој минува низ нашата опШтина од с.Дукатино до с.Добрејци и регионалниот пат од А-4 до Културен дом Василево бидејќи ингеренциите за зимско одржување на магистралните и регионалните патишта спаѓаат во надлежност на ЈП „Македонија пат“ - Скопје подружница штип - испостава Струмица.

Програмата има за цел да предвиди активности за ефикасно организирање и функционирање на сите правни и физички лица преку:

- дефинирање на работите и обврските за сите учесници со нејзината реализација;
- определување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразицата од коловозните површини;
- определување на потребните финансиски средства.

## 2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Преку организационата поставеност на учесниците ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

Општина Василево
- ја изготвува Програмата;
- склучува договори со фирми за реализирање на сите активности предвидени со Програмата;
- врши стручен надзор во извршувањето на Програмата;
- преку средствата за јавно информирање, информира за обврските на зимските служби и обврските на учесниците;
- учествува во финансирањето на активностите;

Претпријатие со кое општина Василево има склучено договор за реализација на програмата
- ја реализира програмата во целост
- врши набавка и складирање на сол и песок и се грижи за правилно и навремено расфрлање.
- организира редовна приправност со потребна опрема алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација;
- врши посипување на сол и песок;
- го расчистува снегот од коловозните ленти во населените места;
- ги прочистува главните одводни пропусти за прифаќање на вишокот вода од обилни врнежи на дожд и снег;
- врши сечење и отстранување на паднати дрвја и гранки од коловозите и тротоарите.

Други учесници
- ЕВН - Струмица ги расчистува нивните објекти и електроинсталациите од обилни снегови;
- T-home ги расчистува нивните објекти и телефонските инсталации;
- Другите кабловски оператори ги расчистува нивните објекти и телефонските инсталации;
- Претпријатијата, училиштата и граѓаните сопственици или корисници на згради и простории (продавници, самопослуги, ресторанти, кафе барови, флиперџилници и друго) превземат мерики за чистење на снегот пред своите објекти.
- Граѓаните, сопственици на индивидуални стабени објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите и приодните места пред своите стамбени објекти.

МВР Струмица - Сообраќајна полиција го контролира и регулира сообраќајот на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за реализација на оваа Програма, преку контакт телефон 354 - 444 и 070 - 310 - 110 - Градоначалник на општина Василево, Ванчо Стојанов, и директорот на ЈПКД Турија Василево, Леонардо Николов, телефон 071/256-502.

## 3. ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ

Обемот на одржување на улиците во населбите зависи од:
- густината на населението;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- видот и бројот на инфраструктурните објекти;
- коловозните ленти како улици за оспособување се вкупно 15 км во 15 населени места;
- коловозните ленти како локални патишта за оспособување се вкупно 37 км.

Расчистувањето на коловозните површини ќе се одвива по приоритетна листа.

## 4. ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА
### за зимско одржување на улици во населбите и локалните патишта во општина Василево

За нормално одвивање на сообраќајот на улиците и на локалните патишта во зимски услови при врнежи на снег и голомразица потребно е зимско одржување.

Одржувањето ќе се извршува со машинско чистење на снегот од Коловозот, расфрлање на сол и песок по отстранувањето на снегот и рачно чистење на одредени места.

Според важноста на локалните патишта и улици интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите, тие можат да се поделат во 2 приоритетни групи на одржување.

**Прв приоритет**

Во првата приоритетна група спаѓаат сите локални патишта и главните улици во населбите кои овозможуваат влез и излез.

Тоа се:

1. Од Магистрален пат А-4 - до с. Седларци кој минува низ населените места Градошорци и Ангелци;
2. Од Магистрален пат А-4 - до с. Нова Маала кој минува низ село Доброшинци;
3. Од локален пат Доброшинци - Нова Маала до с.Чанаклија;
4. Од локален пат во с.ДоброШинци до с.Висока Маала;
5. Од културен дом во Василево до ОУ „Герас Цунев“ во с.Пиперево;
6. Од Магистрален пат А-4 - до центарот на с.Дукатино;
7. Од Магистрален пат А-4 - до центарот на с.Радичево;
8. Од Магистрален пат А-4 - до центарот на с.Владевци;
9. Од Магистрален пат А-4 - до центарот на с.Сушево;
10. Од културен дом во с.Градошорци до центарот на с.Едерниково;
11. Од с.Гечерлија до центарот на с.Чанаклија;
12. Од клучката пред с.Едерниково до влезот во с.Требичино.

**Втор приоритет**

Во втор приоритет спаѓаат улиците низ населените места кои водат до виталните објекти: училишта, амбуланти, гробишта и бунарите за вода.

Во оваа приоритетна група влегуваат: улиците во :

1. Василево
- улицата од училиштето, покрај отворениот канал;
- од поштата до гробиштата и
- од културниот дом до корубите на излезот од Василево кон Добрејци.
- од училиштето до Црквата Св. Богородица

2. Градошорци
- улицата од центарот до Чифликот;
- улицата од главниот пат до училиштето.

3. Пиперево
- улицата до гробиштата и спортското игралиште;
- улицата од центарот до Славе Гоџиров;
- улицата од центарот до Греслиев Стојан.

4. Ангелци
- улицата од главниот пат до гробиштата;
- улицата од главниот пат до манастирот;
- улицата од главниот пат до Партиков Андро

5. Нова Маала
- улица од центарот до гробишта.

6. Сушево
- од центарот до трафостаница 2
- улицата покрај поројот од левата страна до гробиштата

7. Радичево
- од центарот до гробиштата

8. Владевци
- од ценатрот до гробиштата

9. Дукатино
- од центарот до гробиштата

Со расчистување на улиците од првиот и вториот приоритет, сообраќајот може да се одвива несметано во сите правци.

## 5. ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- прва состојба на готовност - е состојбата на присуство на голомразица и снежни врнежи до 20 см;
- втора состојба на готовност - е состојба на присуство на голомразица и снежни врнежи над 20 см.

Оспособувањето на коловозите во прва и втора состојба на готовноста го врши ЈП "Турија" Василево со кое општина Василево има склучено договор.

Начинот на организација го врши Директорот на ЈП "Турија" Василево, по наредба на Градоначалникот на општина Василево.

## 6. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ПОДГОТОВКА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на активностите предвидени со оваа Програма се врши од средствата од Агенцијата за државни патишта специјално наменети за зимско одржување на локални патишта и улици.

Се задолжува ЈП Турија Василево веднаш да изврши набавка на 300 кгр сол и песок 10 $м^3$.

Минимални финансиски средства кои се потребни за реализација на програмата се 400.000,00 денари.

## 7. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И НАДЗОР

Извршувањето на Програмата го врши општина Василево преку ЈП „Турија“ Василево.

Надзор врз извршувањето на програмата врши Градоначалникот на општина Василево.

## 8. ЈАВНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила веднаш по усвојувањето од Советот на општина Василево, а Ќе се објави во „Службен гласник на ОВ“.

Бр.07-2183/1 Совет на општина Василево
11.11.2014г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на ОВ“ бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се прогласува Одлуката за **пренесување на правото на користење и управување со фекален канализационен систем во с.Пиперево - колектор К0 и колектор К3 и фекален канализационен систем во с.Ангелци - колектор К3 на ЈПКД „Турија“ Василево**,

што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **11.11.2014 година**

Бр.08–2184/2 Општина Василево
11.11.2014г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на општина Василево („Службен гласник на Општина Василево“ бр.04/03, бр.08/06 и 09/10), Советот на општина Василево na својата редовна седница одржана на 11.11.2014 година ја донесе следната ,

## ОДЛУКА
### за пренесување на правото на користење и управување со фекален канализационен систем во с.Пиперево - колектор К0 и колектор К3 и фекален канализационен систем во с.Ангелци - колектор К3 на ЈПКД „Турија“ Василево

**член 1**

Со оваа Одлука на ЈПКД „Турија“ Василево му се пренесува правото на користење и управување **со фекален канализационен систем во с.Пиперево - колектор К0 и колектор К3 и фекален канализационен систем во с.Ангелци - колектор К3** кои се објекти од комунална инфраструктура и тоа:

**Фекален канализационен систем во с.Пиперево - колектор К0 и колектор К3:**

**- колектор К0 со вкупна должина од** L=659 m Ф 400

**- колектор К3 со вкупна должина од 4259 м и тоа:**
L=3251m Ф 200
L=657m Ф 250
L=351m Ф 315
Шахти полиетиленски 13+106 = 119 броја

**Фекален канализационен систем во с.Ангелци - колектор К3 со вкупна должина од 2433 метри и тоа :**

L=1774 m Ф 200
L=659 m Ф 250

Шахти полиетиленски 58 броја.

**член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.07-2184/1 Совет на општина Василево
11.11.2014г. Претседател,
Василево Илчо Колев с.р.

* * *